# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 03 Август 2017 година Скопје Бр.11 Год. XII |
| --- | --- |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


***Содржина:***


1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година……………………………………………………………………………………………………….стр.2
2. Одлука за исплата на еднократен надоместок за 2017 година…………………………………стр.4


**Август 2017 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година**

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесетата седница на Советот, одржана на ден 03.08.2017 година.

**Број 09-2209/1**
**од 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005, 2008), член 16 став 1, точка 2 од Статутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарна одлука за измена и дополна на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр. 13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 70-та седница одржана на ден 03.08.2017 година, донесе

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

за 2017 година на следниот начин :

| Потпрограма | Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A00** | **СОВЕТ НА ОПшТИНА** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 412110 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | -200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **D00** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 13.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучу | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401320 | Персонален данок на доход од надоместоци | 110.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 950.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **F10** | **УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ** | | | | | |
| 425640 | Изработка на просторни и урбанистички планови | -353.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | -600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 421240 | Течни горива | -400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**бр. 08-2208/3**
**03.08.2017**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседавач**
**Бранко Трајчевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за исплата на еднократен надоместок за 2017 година**

Се објавува Одлуката за исплата на еднократен надоместок за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Седумдесетата седница на Советот, одржана на ден 03.08.2017 година.

**Број 09-2209/2**
**од 03.08.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа член 62 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 70-тата Седница одржана на ден 03.08.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на еднократен финансиски надоместок**
**за 2017 година**

**Член 1**

На членовите на советот на Општина Ѓорче Петров да се исплати еднократен финансиски надомест во висина од 13.000,00 денари.

**Член 2**

Советот на Општина Ѓорче Петров препорачува на административните работници во Општина Ѓорче Петров да се исплати регрес за годишен одмор за 2017 година, согласно законските прописи.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров за реализација на Одлуката.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-2208/4**
**од 03.08.2017 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Бранко Трајчевски с.р.**